Податоци за органот кој го изработува планскиот документ	
Назив на планскиот докумет	ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК Ј3 04 СО НАМЕНА Б И Г ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, ОПШТИНА ШТИП
Орган надлежен за изработка на планскиот документ	Друштво за градежништво, архитектура, проектирање, инженеринг и дизајн СТУДИО АТРИУМ - ДОО Штип
Орган надлежен за донесување на планскиот документ	Совет на Општина Штип

Податоци за изработувачот на планскиот документ	
Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ	Овластен планер: Александар Василев, дипл. инж. арх. Планери: Весна Василева дипл.инж. арх. Соработници: М-р. Тања Трендова, дипл.инж. арх.
Назив на работното место	Овластен планер
Контакт податоци за лицето	СТУДИО АТРИУМ - ДОО Штип 032/383-033

Основни податоци за планскиот документ			
Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)			
Генерален урбанистички план за град Штип со одлука бр. 08-7987/1 од 31.12.2022 год. издаден со извод број 18- 5522/2 од 14.08.2025 година и Програма за финансирање на изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2026год. со одлука бр. 08-8839/1 од 29.12.2025год.			
Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?			
Да☒ Не☐			
Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?			
/			
Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.			
/			
Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)			
Да ☐ Не ☒	Член:	Точка:	Алинеја:
Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.			
Не			
Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.			
Да, урбанистичка документација за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК Ј3 04 СО НАМЕНА Б И Г ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, ОПШТИНА ШТИП. Површина на предметниот плански опфат изнесува 29226.69m2.			
Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.			
Целите на изработка на Урбанизирање на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК Ј3 04 СО НАМЕНА Б И Г ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, ОПШТИНА ШТИП се: Како основна цел ги има зацртано насоките на идниот просторен развој со создавање услови за планирање на организираните простори со намени предвидени во ГУП, ДУП во границите на градежниот опфат на општина Штип. Даденият плански опфат и понатаму плански да се развива и усмерува според потребите на Општина Штип за изработка на Детален урбанистички план, а во согласност со сите законски акти и Правилници. Создавање услови за рационално користење на земјиштето и сл. Во рамките на планскиот опфат се предвидуваат површини со намена јавни дејности и институции, деловни и комерцијални намени и инфраструктури, со можност за компатибилни класи на намена, согласно законската регулатива, како и сообраќајни површини.			

Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)
Планирање на просторот.
Периодот за донесување на планскиот документ.
2026-2031
Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?
5 години
Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)
Планскиот опфат на кој е вршена потребната анализа за изработка на предметниот ДУП е ограничен со следниве улици: - од север опфатот е дефиниран по осовина на река Брегалница - од исток опфатот е дефиниран по граница на наменска зона - од југ опфатот е дефиниран по граница на наменска зона - од од запад опфатот е дефиниран по осовина на новопланирана собирна улица В 03 - В 04 Планскиот опфат е со површина од 29226.69m2.
Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.
Да ☒ Не ☐
Дали е приложена копија од целите?
Да ☐ Не ☒

Резиме на влијанијата врз животната средина (Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)	
Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ. Во рамките на планскиот опфат се предвидуваат површини за комерцијални и деловни намени, со можност за компатибилни класи на намена, согласно законската регулатива, како и сообраќајни површини. Секој корисник на овој плански опфат е должен при преземање на активности или вршење на дејности да обезбеди висок степен на заштита на природата и животната средина. Кај постоечките и новопредвидените површини за градба, нема да има позначајни загадувачи на човековата околина. Единственото загадување може да дојде од сообраќајот и затоплувањето на објектите. На подрачјето на планскиот опфат може да се изврши поделба на основните групи на загадување, со дадени основни смерници и мерки на заштита на истите: ЗАГАДУВАЊЕ НА ВОЗДУХОТ ОД ГРЕЈНИ ТЕЛА (ОГРЕВ) Загадување на воздухот од моторни возила.	
Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влјанијата;	Планскиот опфат- планскиот документ за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК ЈЗ 04 СО НАМЕНА Б И Г ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, ОПШТИНА ШТИП претстаува сочувана средина без еколошки нарушувања на почвата и чист воздух и ова би останало при подолг временски период и би немало повратни влијанија врз просторот. Како веројатноста, времетраењето и фреквентноста и повратноста на влијанијата во однос со биодиверзитетот, населението, човековото здравје, почва, вода, воздух, климатски фактори, материјални придобивки, културно наследство и пејзаж би имале сигурно/можно влијание.
Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето	Се оценува дека со донесувањето и спроведувањето на планскиот документ нема да дојде до значајни кумулативни негативни влијанија врз животната средина, како и врз животот и здравјето на луѓето. Планираните намени и урбанистички решенија се усогласени со постојната урбана структура и со повисоките плански документи, при што се предвидени соодветни мерки за заштита на животната средина и инфраструктурно уредување. Поради тоа, не се очекува значајно влошување на квалитетот на животната средина ниту акумулација на негативни ефекти во поширокиот простор.
Прекугранична природа на	/

влијанијата;	
Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);	Можни се одредени негативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето и животната средина, кои главно се однесуваат на зголемена бучава, прашина и емисии во воздухот, зголемен сообраќај, создавање отпад и отпадни води, како и можност за загадување на почвата и водите во фазата на изградба и користење на просторот. Исто така, можно е и нарушување на локалните природни карактеристики, но сепак, со примена на соодветни мерки за заштита на животната средина, почитување на законската регулатива, обезбедување инфраструктура, контролирано управување со отпад, заштита од бучава и прашина, како и редовен мониторинг, негативните влијанија можат да се сведат на прифатливо ниво.
Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).	Предметниот простор со површина од (29226.69 м2) градежно претставува изграден простор. Овој опфат е градежно ангажиран и изграден, но нуди можности за изградба на поголем комплекс со повеќе функции од оваа дејност. Со урбанистичката документација ќе бидат индиректно засегнато населението во целата општина.
Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:	
Планскиот документ може да предизвика позитивни економски и социјални влијанија преку поттикнување на локалниот економски развој, отворање нови работни места, зголемување на инвестициите и подобрување на инфраструктурата и условите за развој на стопански и деловни активности. Исто така, се очекува подобрување на пристапноста и функционалноста на просторот, што може позитивно да влијае врз квалитетот на живеење на населението.	
Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ: Планскиот опфат на кој е вршена потребната анализа за изработка на предметниот ДУП е ограничен со следниве улици: од север опфатот е дефиниран по осовина на река Брегалница, од исток опфатот е дефиниран по граница на наменска зона, од југ опфатот е дефиниран по граница на наменска зона, од од запад опфатот е дефиниран по осовина на новопланирана собирна улица В 03 - В 04. Од предвидените плански содржини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности.	
Посебни природни карактеристики или културно наследство	По извршената инвентаризација и снимање на изградениот градежен фонд и вкупната физичка инфраструктура, дојдено е до заклучок дека во границите на предметниот плански опфат нема

	постојни споменички целини и градби од културно историско значење. Согласно Министерство за култура, обврска на наоѓачот, е доколку при реализација на планот дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагментирани) од материјална култура на Р.М., треба да постапи согласно со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. Весник на Р.М. бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18, 20/19).
Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности	/
Интензивна употреба на земјиштето	/
Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.	/

Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:

Во рамките на планскиот опфат што е со површината коа ја опфака опишаната граница изнесува 29226.69 m2 и е во близината на централното градско подрачје каде ќе се изврши дефинирање на градежни парцели, добивање на максимална висина за градба согласно законските прописи за предвидување на градби со намена Г и Б.

Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):

Право и должност на Република Македонија и секоја Општина во неа, како и на сите правни и физички лица, е да обезбедат услови за здрава животна средина заради остварување на човекови права на здрава и чиста животна средина, регулирани и пропишани со Закон за животна средина (Службен весник на Р.М. бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10,124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16). Во рамките на планскиот опфат се предвидуваат површини со намена јавни дејности и институции, деловни и комерцијални намени и инфраструктури, со можност за компатибилни класи на намена, согласно законската регулатива, како и сообраќајни површини. Секој корисник на овој плански опфат е должен при преземање на активности или вршење на дејности да обезбеди висок степен на заштита на природата и животната средина. Кај постоечките и новопредвидените површини за градба, нема да има позначајни загадувачи на човековата околина. Единственото загадување може да дојде од сообраќајот и затоплувањето на објектите. На подрачјето на планскиот опфат може да се изврши поделба на основните групи на загадување, со дадени основни смерници и мерки на заштита на истите: ЗАГАДУВАЊЕ

НА ВОЗДУХОТ ОД ГРЕЈНИ ТЕЛА (ОГРЕВ) и Загадување на воздухот од моторни возила.
Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој: (Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови) Донесувањето на планскиот документ може позитивно да влијае врз одржливиот развој преку рационално користење на просторот, создавање услови за економски развој, подобрување на инфраструктурата и организирано урбанистичко уредување на подрачјето. Со предвидување соодветни мерки за заштита на животната средина, ефикасно управување со ресурсите и почитување на принципите на одржливо планирање, се овозможува балансиран развој кој ги зема предвид економските, социјалните и еколошките аспекти.
Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност. (Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.) Планскиот документ може да предизвика одредени проблеми поврзани со зголемена бучава, прашина, сообраќај и емисии во воздухот, како и зголемен притисок врз инфраструктурата, почвата и водните ресурси. Како релевантни еколошки проблеми се јавуваат можноста за загадување на воздухот, водата и почвата, создавање отпад. Истовремено, со планскиот документ може да се решат или намалат постојни проблеми преку организирано уредување на просторот, подобрување на инфраструктурата, регулирање на користењето на земјиштето, обезбедување услови за контролирано управување со отпад и отпадни води, како и воведување мерки за заштита на животната средина и одржлив развој.
Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена. На локално ниво планскиот документ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК ЈЗ 04 СО НАМЕНА Б И Г ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, ОПШТИНА ШТИП е во согласност со Генералниот урбанистички план на Град Штип, кој ја дефинира основната намена на земјиштето и ја поставува рамката за урбан развој на градот. Понатаму, овој ДУП е поврзан и усогласен со соседните детални урбанистички планови, со цел да се обезбеди континуитет во сообраќајната мрежа, инфраструктурата и функционалната поврзаност на просторот. Со ова се обезбедува вертикална и хоризонтална усогласеност на планот во хиерархијата на планирање, односно усогласување со повисоките стратегиски документи и координација со соседните плански решенија, што е предуслов за рационално користење на земјиштето, инфраструктурна поврзаност и одржлив урбан развој.
Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.

Потенцијалните влијанија претходно биле предмет на оцена во процесот на донесување на Генералниот урбанистички план на Град Штип, при што е извршена целосна анализа на можните ефекти од неговото донесување и имплементација врз животната средина, здравјето на луѓето и одржливиот развој. Во рамките на оваа оцена се идентификувани можните негативни влијанија, а истовремено се утврдени соодветни мерки за нивно спречување, намалување или неутрализација. Дополнително, предвиден е и план за мониторинг на состојбата на животната средина со цел следење на ефектите од спроведувањето на планските решенија и навремено преземање на корективни мерки доколку се појават негативни влијанија.
Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина). /

ИЗЈАВА	Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.

Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот	Градоначалник на Општина Штип Иван Јорданов
Датум 28.05.2026 год. Место Штип Архивски бр.18/26-55	М.П.